**ПОСЕБНИ НАЧИНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА**

**1. Прашање:**

Бараме појаснувања во поглед на групните набавки. Кој ја носи одлуката за спроведување на групна набавка.

-Дали, договорниот орган кој ќе биде носител на набавката или сите вклучени Договорни органи?

-Како се составува Комисијата за јавна набавка (претседател и членови само од договорниот орган носител на набавката или како членови може да се номинираат лица од другите Договорни органи?).

-Во однос на Техничките спецификации, дали се прикачува една заедничка или Технички спецификации посебно од секој договорен орган?

**Одговор:**

Во случаи кога договорниот орган нема доволен капацитет за спроведување на јавни набавки, посочуваме дека Законот остава можност за спроведување на групна набавка. Групна набавка согласно со член 62 став (1) од законот, се врши координирано преку еден договорен орган во име на група договорни органи, по претходно склучен договор за извршување групна набавка.

Оваа одредба овозможува одреден степен на централизирање на набавките на начин што договорните органи сами се групираат и сами одлучуваат кој од нив ќе ја спроведе постапката во нивно име. При тоа, не е неопходно оној што ќе ја спроведува групната набавка да има потреба од тој предмет на набавка, што воведува одредена флексибилност во групирањето на договорните органи.

Предноста на овој пристап е можноста од групирање на повеќе договорни органи од кои можеби некои немаат доволно искуство или знаење за јавните набавки или пак немаат доволен административен капацитет и го овластуваат најискусниот член на групата да ја спроведе набавката, иако можеби тој договорен орган нема потреба од истата.

Битен услов за спроведување на групна набавка е договорните органи кои учествуваат во групата согласно став (2) од наведениот член, да имаат претходно склучено договор за извршување на групна набавка со кој ќе се предвидат сите права и обврски на членовите на групата во однос на економскиот оператор со кој ќе биде склучен договорот за јавна набавка. Договорот треба да биде потпишан од сите членови на групата кои учествуваат во постапката. Понатаму, секој од членовите на групата пополнува посебно известување за склучен договор, преку нивните профили на ЕСЈН, во кој што ја внесуваат вредноста на договорот која што ќе ја реализираат поединечно. Соодветно на ова, по реализацијата на договорот секој член на групата пополнува и известување за реализација на договорот. Треба да напоменеме дека најважен предуслов за пополнување на известувањето за склучен договор и за реализиран договор е да при пополнување и објава на огласот за јавна набавка договорниот орган кој ја спроведува постапката треба да ги наведе сите договорни органи кои се дел од групата.

Со договорот за групна набавка помеѓу договорните органи, се уредува и номинирањето на членови во комисијата за јавна набавка (која во принцип со одлука за јавна набавка ја назначува одговорното лице на договорниот орган кој ќе ја спроведе постапката) и кој што има доволен капацитет, искуство и знаење.

Во врска со техничките спецификации, во зависност од предметот на набавка како и фактот дали предметот на набавка е оформен во делови или не, се подготвуваат технички спецификации кои треба да го опишат предметот на јасен, прецизен, недвосмислен, целосен и неутрален начин.

Воедно, договорните органи кои имаа намера да спроведат групна набавка ќе треба во својот план за јавни набавки да ги искажат потребите од конкретната набавка во својот дел. Истото, ќе треба да го направи и договорниот орган кој ќе ја спроведе набавката, без оглед што ја нема конкретната потреба од предметот на набавка.

**ОДЛУКА ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА / ОДЛУКА ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА**

**2. Прашање:**

По спроведена постапка за јавна набавка на услуги за дистрибуција на електрична енергија, донесена е Одлука за избор на најповолна понуда. По истекот на рокот на жалба од 5 дена, избраниот најповолен понудувач е контактиран со цел склучување на Договорот.

Избраниот најповолен понудувач не извести дека ќе можеме да се приклучиме кај него од 01 август 2026 година.

Како да постапиме во овој случај  кога се јавува празнина и ризик да останеме без струја за период од 2 месеци, а  претходниот Договор истече на 04.06.2026. Напоменувам дека има останати средства од реализација на Договорот?

**Одговор:**

Со оглед на фактот дека спроведувањето на постапки за јавни набавки има за цел купување или стекнување стоки, услуги или работи кои се неопходни за навремено извршување на надлежностите на договорните органи, истите согласно член 75 став (1) од законот, врз основа на планираните извори за финансирање, донесуваат план за своите вкупни потреби за набавки во тековната година по видови стоки, услуги и работи според ЗПЈН, со кој го определува предметот на набавка, очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за јавна набавка.

Од изнесеново произлегува дека, процесот на планирање на набавките е од исклучително значење не само за правилна примена на законот, туку и за навремено задоволување на вистинските потреби на договорниот орган во текот на годината. Поради наведеново, договорниот орган треба однапред да утврди кои стоки, услуги или работи му се потребни за набавка, кога треба да се набават, потребата за финансирање или кофинансирање и која постапка за доделување на договор е најсоодветна имајќи ја предвид проценетата вредност и природата на договорот за јавна набавка. Евентуалните пропусти во планирањето можат негативно да се одразат на успешното функционирање на договорниот орган.

Истовремено, укажуваме на фактот дека планирањето како функција договорниот орган постојано треба да ја усовршува, преку согледување на недостатоците и слабостите од претходните постапки и истите да се обиде да ги надмине при наредното спроведување на постапките.

Од друга страна, согласно член 117 став (1) од законот, договорните страни го извршуваат договорот за јавна набавка или рамковната спогодба согласно со условите утврдени во тендерската документација и избраната најповолна понуда.

Согласно со ставот (2) од наведениов член, договорниот орган е должен да врши контрола дали извршувањето на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба е во согласност со условите од договорот.

Имено, вршењето контрола над извршувањето на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба, не само што овозможува да се утврди дали реализацијата е во согласност со условите од договорот/спогодбата, туку и предупредува и сигнализира за потребата од навремено оточнување на нова постапка за јавна набавка со цел да се обезбеди континуитет во испораката/обезбедувањето со предметот на набавка.

Воедно, укажуваме дека при спроведување на постапките за јавни набавки покрај одредбите од Законот за јавните набавки соодветно се применуваат и одредбите од материјалните прописи со кои се уредува предметот на набавка.

Оттука, разгледајте ја можноста за примена на членот 9 од Законот за енергетика (*) ("Службен весник на РСМ" бр. 101/2025 и 135/2025).

**3. Прашање:**

Објавивме оглас за јавна набавка на пелети. На 26.06.2026 (Петок) во 15:30 часот по завршување на работното време, поставено беше прашање. Крајниот рок за одговор на прашање беше 29.06.2026 (Недела).

Со прашањето се бараше појаснување дали да се достават сертификат за пелети. Но, бидејќи се работи за постапка од мала вредност ,не баравме никакви дополнителни документи. Дали да ја поништиме постапката?

**Одговор:**

Законот за јавните набавки роковите за доставување на понудите ги определил како минимални. Тоа значи дека, кај набавката од мала вредност договорниот орган не може да определи рок кој е пократок од минималниот, односно пократок од седум дена од денот на објавување на огласот.

Воедно, согласно член 86 став (1) од законот, договорниот орган при утврдување на роковите за поднесување понуди ја зема предвид сложеноста на јавната набавка и времето потребно за подготовка на понудите, при што е должен да ги почитува минималните рокови утврдени во законот.

Оттука, а со цел во иднина да не се доведувате во ваква ситуација би можеле минималниот временски рок за доставување на понудите да го продолжите и на пр., кај набавка од мала вредност наместо 7 дена да изнесува 10 дена, или наместо 15 дена кај поедноставена отворена постапка да изнесува 20 дена итн.

Од друга страна, договорниот орган согласно член 81 став (4) од законот, е должен да одговори на сите прашања или барања за појаснување или измени кои економските оператори можат да ги постават во врска со тендерската документација, под услов истите да бидат поднесени во законски пропишаните рокови.

Воедно, а имајќи предвид дека еден од основите за поднесување на жалба е и пропуштањето на договорниот орган соодветно да одговори на навремените прашања или барања за појаснување или измени на тендерската документација, треба да се разгледа и можноста за поништување на постапката за јавна набавка.

Воедно, напоменуваме дека при спроведување на постапките за јавни набавки, покрај одредбите од Законот за јавните набавки, соодветно се применуваат и одредбите од материјалните прописи со кои се уредува предметот на набавка.

Имено, при утврдување на способноста за вршење на професионална дејност договорниот орган согласно член 90 став (2) од законот, бара и доказ издаден од надлежен орган за исполнување на посебните услови за вршење на дејноста пропишани согласно со закон кои се однесуваат на предметот на јавна набавка.

Треба да се има предвид дека постојат одредени дејности за кои освен документ за регистрирана дејност, е потребно и поседување посебна лиценца, дозвола или сертификат за да може да се врши таа дејност. Овие посебни лиценци, дозволи или сертификати што се предвидени со материјалните прописи треба да се имаат предвид и при спроведување на постапки за јавни набавки. Така, кога договорниот орган доделува договори за јавна набавка, за

кои со материјалните прописи се бара поседување на соодветни лиценци, дозволи или сертификати, истите треба да се бараат од економските оператори покрај документот за регистрирана дејност.

Оттука, за да утврдите дали при спроведување на конкретниот предмет на набавка, е потребно да го барате споменатиот сертификат потребно е предвид да ги имате барањата кои произлегуваат од материјалните прописи.

**УСЛОВИ ЗА УТВРДУВАЊЕ СПОСОБНОСТ**

**4. Прашање:**

Треба да објавиме оглас за набавка на средства за хигиена како набавка од мала вредност. Во некои од огласите забележав дека се бара - Одобрение за ставање во промет издаден од Министерството за здравство. Дали истиот е задолжителен да се бара?

**Одговор:**

При спроведување на постапките за јавни набавки, покрај одредбите од Законот за јавните набавки, соодветно се применуваат и одредбите од материјалните прописи со кои се уредува предметот на набавка.

Истовремено, при утврдување на способноста за вршење на професионална дејност договорниот орган согласно член 90 став (1) бара секој економски оператор да достави доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

Сепак, треба да се има предвид дека постојат одредени дејности за кои освен документ за регистрирана дејност, е потребно и поседување посебна лиценца, дозвола или сертификат за да може да се врши таа дејност. Овие посебни лиценци, дозволи или сертификати што се предвидени со материјалните прописи треба да се имаат предвид и при спроведување на постапки за јавни набавки. Така, кога договорниот орган доделува договори за јавна набавка, за кои со материјалните прописи се бара поседување на соодветни лиценци, дозволи или сертификати, истите согласно член 90 став (2) од законот, треба да се бараат од економските оператори покрај документот за регистрирана дејност.

Оттука, за да утврдите дали при спроведување на конкретниот предмет на набавка, е потребно да го барате споменатото Одобрение потребно е предвид да ги имате барањата кои произлегуваат од материјалните прописи.

**ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ / НЕВООБИЧАЕНО НИСКА ЦЕНА**

**5. Прашање:**

1. Во постапката за јавна набавка, економскиот оператор за докажување на бараната способност изјава за докажување на способност. По барање на комисијата да ги достави потребните документи за докажување на способност, економскиот оператор меѓу другото, прикачил и договор за техничка соработка/подршка. Договорот е склучен, односно е со датум постар од денот утврден како краен рок за поднесување на понудите. Дополнително, на ЕСЈН економскиот оператор со кој е склучен договорот за подршка не е „означен" во делот за Подизведувач/Поддршка, односно не е евидентиран како поддршка пред денот на поднесување на понудата. Дали ваквата понуда е прифатлива или не.

2. Во тендерската документација, во рамки на условите за техничка и професионална способност како услов предвидено е поседување на Б интегрирана еколошка дозвола. Понудувачот,

доставил Б интегрирана еколошка дозвола, но истата е со истечен рок на важност. Имено, законски утврен рок на важност на една ваква дозвола е 7 години, додека понудувачот доставил дозвола од Март 2019 година, со што дозволата истекла во Март 2026 година. Дали оваа понуда е прифатлива и дали може да му се побара да достави валидна дозвола?

**Одговор:**

1. Согласно со член 96 став (1) од законот, економскиот оператор може во постапката за јавна набавка, заради исполнување на условите за квалитативен избор во делот на економската и финансиската состојба и техничката или професионалната способност да ја користи способноста на други субјекти, без оглед на правните врски помеѓу нив.

Согласно со став (3) и (4) од горенаведениот член, ако економскиот оператор користи способност на друг субјект, тој е должен да достави валиден доказ дека тој субјект ќе му ги стави на располагање соодветните ресурси и дека ги исполнува потребните услови за квалитативен избор (во делот кој се однесува на поддршката која му ја дава на понудувачот), како и дека не постојат причини за негово исклучување.

Кај поедноставената отворена постапка, со оглед на можноста која им ја дава членот 49 став (3) од законот, економските оператори во прилог на понудата доставуваат изјава за докажување на способноста или документи за утврдување способност. При тоа, во понудата на економскиот оператор и за субјектот чија способност ја користи треба да биде доставена изјава за докажување на способноста (дадена од одговорното лице на субјектот) или документи за утврдување способност, како и валиден доказ дека тој субјект ќе му ги стави на располагање соодветните ресурси.

Доколку, економскиот оператор во прилог на совојата понуда не доставил изјава за способност или потребната документација, ниту пак доставил валиден доказ дека субјектот чија способност ќе ја користи ќе му ги стави на располагање соодветните ресурси, комисијата за јавна набавка не може да постапи согласно член 109 став (2) од законот.

2. Евалуацијата на понудите е процес на оцена на понудите во постапката за јавна набавка, која комисијата ја врши врз основа на критериумите наведени во тендерската документација.

Согласно со член 109 став (2) и (4) од законот, при проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата, комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат или дополнат документите, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација. Со бараните појаснувања или дополнувања не смеат да се бараат, нудат или да се дозволат никакви промени во финансиската и техничката понуда, освен исправката на аритметички грешки. Истовремено, со бараните појаснувања или дополнувања комисијата не смее да создава предност во корист на одреден економски оператор.

Од податоците изнесени во вашето прашање нејасно е за каков тип на постапка станува збор па оттука, комисијата треба да утврди дали доставената понуда е во согласност со бараното во тендерската документација и дали може да се постапи согласно со член 109 став (2) од законот, или ќе утврди дека понудата е неприфатлива и ќе ја исклучи од натамошната евалуација.

**6. Прашање:**

Во постапка за набавка на гориво за земјоделска механизација, пристигната е само една понуда. Во фазата на евалуација комисијата утврди дека, бараните сертификати за стандарди за системи за квалитет кој ги  доставил економскиот оператор се со измината важност.

Дали комисијата може да побара појаснување од економскиот оператор со цел да достави валидни сертификати, или тоа би се сметало како менување на понудата согласно член 109 став (4) од законот?

**Одговор:**

Евалуацијата на понудите е процес на оцена на понудите во постапката за јавна набавка, која комисијата ја врши врз основа на критериумите наведени во тендерската документација.

Согласно член 109 став (2) од законот, при проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата, комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат или дополнат документите, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација. Истовремено, со бараните појаснувања или дополнувања комисијата не смее да создава предност во корист на одреден економски оператор.

Во пракса може да се јави дилема во однос на поимите „појаснат" или „дополнат" поднесените документи и/или понуди. Законот не посочува што се подразбира под „појаснување" или „дополнување" на документите и/или понудите. Меѓународната пракса укажува дека, отфрлањето на поволна понуда бидејќи економскиот оператор не доставил конкретен документ кој го бара договорниот орган може да биде спротивно на начелото на економично, ефикасно и ефективно користење на јавните средства. Од друга страна, дополнителното барање на потребната документација (во случај кога економскиот оператор не ги доставил бараните документи или повеќето од бараните документи) кои недостасуваат може да одземе многу време, односно да го продолжи времето за евалуација на понудите бидејќи ќе треба да се чека сè додека не се достави бараната документација (докази), но и да се свати како давање на дополнителен рок во кој економскиот оператор би ја комплетирал документацијата што пак е спротивно на начелото на еднаков третман и недискриминација на економските оператори.

Оттука, разумен е пристапот да им се дозволи на договорните органи да бараат дополнителни документи (потребната документација и докази се доставени), а недостасува еден или два документи (докази), наместо да се отфрлаат понудите како неприфатливи и со тоа да се придонесе за намалување на бројот на пристигнати понуди како и намалување на можноста за избор на понуда која би значела најдобра вредност за обезбедените пари. Секако, појаснувањето на веќе доставените документи е препорачливо (ако поднесените документи - докази содржат неконзистентни или противречни информации, ако се нејасни или содржат пропусти).

При тоа, комисијата и при евалуација на техничката и финансиската понуда, може да побара понудувачите да ги појаснат понудите. Но, она што не смее да го бара или да го дозволи е со доставените појаснувања да се промени веќе доставената техничка и/или финансиска понуда.

Со оглед на сезнитивноста на фазата во која се наоѓате, а имајќи предвид дека од изнесените податоци не е јасно бараните сертификати дали се во финкција на утврдување на способноста на економските оператори или се во функција на утврдување на исполнетоста на барањата од техничките спецификации, како и фактот дека комисијата ја има на располагање целокупната документација, треба да утврди дали може да се постапи согласно член 109 став (2) од законот.

**7. Прашање:**

Согласно ЗЈН, како да постапи Комисијата кога ќе утврди дека економскиот оператор нема ставено цена на одредена позиција од предмерот-финансиската понуда?

**Одговор:**

Договорниот орган е должен во тендерската документација да ги наведе сите барања, услови, критериуми и други неопходни информации, како и критериуми за утврдување на способност и документацијата што треба да ја поднесат понудувачите за да го докажат исполнувањето на истите.

Оттука, понудувачот согласно член 105 став (1) од законот, ја изготвува понудата во согласност со тендерската документација.

Евалуацијата на понудите е процес на оцена на понудите во постапката за јавна набавка, која комисијата ја врши врз основа на критериумите и барањата наведени во тендерската документација. При тоа, комисијата согласно со член 109 став 6 од законот, неприфатливите понуди нема да ги евалуира.

При утврдување на прифатливоста на понудите, комисијата предвид треба да ја има дефиницијата дадена во член 2 став (1) точка 11 од законот, согласно кој „Прифатлива понуда" е понуда поднесена од понудувачот, која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација, што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно овој закон.

Од друга страна, при проверка на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата согласно со член 109 став 2 од законот, комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат или дополнат документите, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација. Согласно со ставот (4) од наведениот член, никакви промени во финансиската и техничката понуда, освен исправката на аритметички грешки, не смеат да се бараат, нудат или да се дозволат од страна на комисијата или од понудувачот.

Имајќи го предвид горенаведеното, доколку економскиот оператор не ја доставил финансиската понуда или доставената понуда не е во согласност со барањата од тендерската документација, сметаме дека ваквата понуда е неприфатлива.

**8. Прашање:**

Во отворена постапка еден од понудувачите има доставено документи за докажување на лична, техничка и професионална способност на странски јазик, дали е потребно и можно да се побара превод на истите на македонски кај официјален преведувач и кој е примерен рок за достава на истите?

**Одговор:**

Тендерската документација има клучна улога во постапката за јавна набавка, и таа мора да ги содржи сите неопходни информации за конкретниот предмет на набавка со цел економските оператори да може квалитетно и навремено да ја изготват и поднесат својата понуда.

Понудата се изготвува на јазик утврден во тендерската документација. Оттука, произлегува дека ова прашање треба да е уредено во тендерската документација, во спротивно понудите ќе треба да се доставаат на македонски јазик.

Во одредени постапки договорниот орган може да дозволи со тендерската документација некои делови од техничката понуда како што е оригинална техничка документација, да се достават на странски јазик на кој таквата техничка документација е изготвена. При тоа, во фазата на евалуација комисијата може да заклучи дека е потребно делови од техничката документација да се преведат на македонски јазик како би се олеснила нивната евалуација.

Следствено на изнесеното, во тендерската документација потребно е да се утврди дали и кои делови од тендерската документација ќе можат да се доставаат на странски јазик, но само во однос на делови од техничка документација.

**СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА ИЛИ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА**

**9. Прашање:**

По спроведена постапка за јавна набавка на работи и склучен договор со договорен орган, изведувачот не е воведен во работа. Во договорот е утврден рок на изведба кој почнува да тече од денот на воведување во работа, но не е утврден рок во кој договорниот орган е должен да го изврши воведувањето. И покрај повеќекратни писмени барања од наша страна за воведување во работа, договорниот орган не постапил по нив ниту доставил образложение за причините за доцнењето. Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот истече.

Бараме мислење по следните прашања:

- Кога во договорот за јавна набавка на работи и во тендерската документација не е утврден конкретен рок за воведување во работа, кој рок се смета за разумен и законски прифатлив рок во кој Договорниот орган е должен да го воведе изведувачот во работа и какви се правните последици од неисполнувањето на оваа обврска?

- Дали неисполнувањето на обврската за воведување во работа во разумен рок од страна на Договорниот орган може да се смета за основ за раскинување на договорот од страна на економскиот оператор, без негативни последици за операторот (т.е. без можност за ставање на листата на негативни референци)?

**Одговор:**

1. Договорните страни согласно член 117 став (1) од законот, го извршуваат договорот за јавна набавка или рамковната спогодба согласно со условите утврдени во тендерската документација и избраната најповолна понуда. Согласно со ставот (3) од наведениов член, на одговорноста на договорните страни за исполнување на договорните обврски, покрај одредбите од Законот за јавните набавки, соодветно се применуваат одредбите од законот што ги уредува облигационите односи и материјалните прописи со кои се уредува предметот на набавка.

Според тоа, со законот се пропишува супсидијарна примена на законот што ги уредува облигационите односи на договорите за јавни набавки на соодветен начин, односно се пропишува примена на Законот за облигациони односи.

Сепак, примената на Законот за облигациони односи е поширока и не се протега само на одговорноста за исполнувањето на договорите. Имено, согласно член 16 од ЗОО, врз облигационите односи кои се уредуваат со други закони се применуваат одредбите на овој закон во прашањата што не се уредени со тој закон. Оттука, врз договорите за јавни набавки (и рамковните спогодби) ќе се применува Законот за облигациони односи за се освен за специфичните прашања кои што се предмет на уредување на членовите 116 до 120 од Законот за јавните набавки.

Оттука, а имајќи предвид дека Законот за јавните набавки не го уредува „воведувањето во работа“, предвид треба да се имаат материјалните прописи со кои се уредува предметот на набавка како и одредбите од законот што ги уредува облигационите односи.

2. Со Законот за јавните набавки кој е во примена од 1 април 2019 години, не е предвидена можност договорниот орган да издаде негативна референца во случај кога договорот за јавна набавка се раскинува и се активира банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот.

Имено, согласно член 101 став (6) алинеја 3 и 4 од законот, договорниот орган ја наплаќа банкарската гаранција на понудата ако понудувачот: не го потпише договорот за јавна набавка согласно со условите од тендерската документација и доставената понуда или не ја обезбеди гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот, ако договорниот орган ја предвидел во тендерската документација. Од наведенава одредба произлегува дека договорниот орган објавува негативна референца во случај избраниот најповолен понудувач да не го потпише договорот за јавна набавка согласно со условите од тендерската документација и доставената понуда, како и во случај да не ја обезбеди гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот, ако била предвидена во тендерската документација.